# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 03 18.03.2026, среда

www.valandovo.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година............................2
**2.Годишна сметка** на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година........................................................................ 2
**3.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2025 година......................................................................... 3
**4.Заклучокот** за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2025 година............................ 3
**5.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2025 година ................................................................ 3
**6.Заклучокот** за усвојување на завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2025 година ............ 3
**7.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година .......................................... 4
**8.Заклучокот** за усвојување на завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година ......... 4
**9.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2025 година ................................................................ 4
**10. Заклучок** за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“Јосифово за 2025 година .......... 4
**11.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025 година ................................................................. 4
**12. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка“Валандово за 2025 година .................. 5
**13.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУ Дом на култура „25 Мај” за 2025 година................................................................. 5
**14.Заклучокот** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУ Дом на култура „25 Мај” за 2025 година............ 5
**15.Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.„Никола Карев” во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово..................................................... 5
**16.Одлука** за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.„Никола Карев” во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово................................................................ 5
**17.Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година......... 6
**18.Програма** за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година............................................................. 6
**19.Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово” од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ........6
**20.Одлука** за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово” од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ........ 7
**21.Решение** за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“........7
**22.Одлука** за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“...................................................7
**23.Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на

програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово...................................................8
**24.Одлука** за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово...............................8
**25.Решение** за објавување на Одлука за давање во закуп недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец........................8
**26.Одлука** за давање во закуп недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец.......................................................................8
**27.Решение** за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“.......9
**28.Одлука** за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“.............................................9
**29.Решение** за објавување на Одлука за формирање на НВО Центар во Општина Валандово..........................9
**30.Одлука** за формирање на НВО Центар во Општина Валандово.................................................................9
**31.Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово...........................9
**32.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.....................................................................10

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/2 — Градоначалник
17.03.2026 год. — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**

**на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2025 година изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **349.173.172** | **311.238.877** |
| Даночни приходи | 47.525.000 | 37.476.525 |
| Неданочни приходи | 16.132.310 | 8.518.648 |
| Капитални приходи | 12.240.000 | 11.537.851 |
| Приходи од дотации | 198.018.172 | 196.116.675 |
| Трансфери | 74.207.690 | 57.348.969 |
| Донации | 1.050.000 | 240.209 |
| **II. Вкупни расходи** | **307.855.000** | **262.941.688** |
| Утврдени намени | 370.904.000 | 325.395.163 |
| Резерви | 300.000 | 15.000 |
| **III.Дефицит/ Суфицит** | **-22.030.828** | **-14.171.286** |
| **IV.Финансирање** | **22.030.828** | **14.171.286** |
| **Прилив** | **22.030.828** | **14.171.286** |
| -Домашно задолжување | | 0 |
| -Странски заем | | 0 |
| - Депозит | 22.030.828 | 14.171.286 |
| **Одлив** | | |
| -отплата на главнина | | 0 |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2025 година изнесува:

| | |
|---|---|
| Салдо на 31.12.2023 год. | 8.107.772 ден. |
| Салдо основен буџет | 4.764.333 ден. |
| Салдо буџет дотации | 2.068.448 ден. |
| Салдо буџет самофинансирачки активности | 901.586 ден. |
| Салдо буџет донации | 373.405 ден. |

Салдото на Основен буџет на 31.12.2025 година во износ од 4.764.333 денари се пренесува како прилив на Основен буџет на Општина Валандово за 2026 година.

Салдото на Буџет на дотации на 31.12.2025 година, во износ од 2.068.448 денари, се пренесува како прилив на Буџет на дотации на Општина Валандово за 2026 година.

Салдото на Буџет на самофинансирачки активности на 31.12.2025 година, во износ од 901.586 денари, се пренесува како прилив на Буџет на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2026 година.

Салдото на Буџет на донации на 31.12.2025 година, во износ од 373.405 денари, се пренесува како прилив на Буџет на донации на Општина Валандово за 2026 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени, се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/2 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/3 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/2025), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2025 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2025 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;

- извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;

- извештајот за користење на финансиските средства од постојаната и тековната резерва и

- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/3 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/4 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2025 година, предложени од Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово со Одлука бр.09-123/1 од 26.02.2026 година .

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/4 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/5 Градоначалник
17.03.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2025 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со Одлука бр.02-106/3 од 25.02.2026 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и

- Сметка сопствени приходи.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/5 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/6 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2025 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово со Одлука бр.09-83/2 од 25.02.2026 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и

- Сметка за самофинансирачки дејности.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/6 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/7 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на**
**ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на Јавната општинска установа-Детска градинка „Калинка" Валандово за 2025 година, предложени од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка" Валандово со Одлука бр.02-36/2 од 26.02.2026 година и тоа:

- Сметка 7080102372 787 15 (сопствена) и
- Сметка 7080102372 903 10 (наменска).

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-62/7 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/8 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на**
**ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово за 2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово за 2025 година за 2025 година, предложени од Управен одбор на ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово за 2025 година со Одлука бр.02-15/1 од 11.03.2026 година .

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-62/8 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.Никола Карев во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.Никола Карев во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/9 Градоначалник
17.03.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и „Сл. весник на РСМ" 244/2019, 82/2020, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/24 и 37/25), член 6 и 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"

бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи за реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.Никола Карев во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука, Општина Валандово ја прифаќа донацијата од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово - Изведба на градежни работи за реконструкција
на дел од тротоарска површина на улица Никола Карев во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово.

**Член 2**

За реализација на ова Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Валандово согласно одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавни дејности да склучи договор за примање на донација во писмена форма со управителот на Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово.

. **.Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/9 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/10 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 3, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово на осмата редовна седница одржана на 12.03.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година, во точка 3. Активности, алинеја 3.4 Реализација на проекти се додаваат нови точки кои гласат:

- Реконструкција на улица, парк и паркинг во Валандово. Проектот ќе се аплицира на Јавен повик од Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година.
  - Вкупна вредност на проектот 2.823.327,00 денари.

**Член 2**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-62/10 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово”од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово” од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ,што

Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/11 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и „Сл. весник на РСМ“ 244/2019, 82/2020, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/24 и 37/25), член 6 и 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово” од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со ова Одлука, Општина Валандово ја прифаќа донацијата од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ за техничка документација тех.бр. ОП – 33/26 ОД Март 2026 и ревидентски извештај РЕ-01/26 од Март 2026 за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово”.

**Член 2**

За реализација на ова Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Валандово согласно одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавни дејности да склучи договор за примање на донација во писмена форма со управителот на Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/11 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“,што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/12 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62, во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 21, став 1, точка 11, член 45 и член 47 став 1 во врска со член 15 став 1 точка 6 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осма редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово дава согласност за сопственото учество во реализација на Проектот „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“.

**Член 2**

Вредноста на Проектот од член 1 со кој Општина Валандово ќе аплицира на Јавниот повик од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година објавен од Бирото за регионален развој изнесува 2.823.327,00 денари.

За реализација на Проектот „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“, Општина Валандово ќе учествува со сопствени средства, во вредност од 20.829,00 денари.

Останатите средства во износ од 2.802.498,00 денари ќе се обезбедат средствата за финансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој од Бирото за регионален развој.

**Член 3**

Оваа Одлука Влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Валандово.

Бр.08-62/12 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/13 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 75.000,00 денари, финансиска поддршка на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово „РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово" за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од Програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово „РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово", со ЕДБ 4003026505376.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/13 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Одлука за давање во закуп недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец.**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање во закуп недвижна ствар сопственостОпштина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/14 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 3 став 2, член 36, 37, 38 и 39 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21, 193/25), член 36 став 1 точка 10, во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, на предлог на Градоначалникот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање во закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово**

**на КП.бр.3678 КО Градец**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за давање во закуп недвижна ствар - објект сопственост на Општина Валандово и се регулира начинот, постапката и месечната закупнина на објектот.

**Член 2**

Недвижниот имот предмет на оваа одлука се наоѓа на КП 3678 КО Градец и се состои од:

Лист Б

- КП.бр.3678 в.м. Село, кат.култура зпз1, со вкупна површина од 241 $м^2$;
- КП.бр.3678 в.м. Село, кат.култура зпз2, со вкупна површина од 63 $м^2$ со право на сопственост на Општина Валандово.

Лист В

- КП.бр.3678, објект 1, намена В4, адреса ул. Гоце Делчев, влез 1, кат приземје, со вкупна површина од 57 $м^2$;
- КП.бр.3678, објект 1, намена В4, адреса ул. Гоце Делчев, влез 1, кат приземје, со вкупна површина од 114 $м^2$, запишени во Имотен лист 701 КО Градец со право на сопственост на Општина Валандово.

**Член 3**

Давање во закупот на недвижниот имот од член 2 од оваа Одлука се предвидува да се даде на времетраење од 5 години.

**Член 4**

Давање во закупот на недвижниот имот од член 2 од оваа Одлука ќе се изврши согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, преку електронскиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари (Е-ствари), со проценета пазарна вредност, согласно Извештајот за процена на недвижен имот од Трговец поединец за вештачење и процена д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен од 04.03.2026 година.

**Член 5**

Почетната цена за закуп изнесува 0,5 % од проценетата вредност 2.792.363,00 денари, цената е утврдена согласно Методологијата за утврдување на проценетата пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 6**

Постапката за давање во закуп на предметниот недвижен имот ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Валандово, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 7**

Доколку при спроведување на постапката за објава на давање на закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа Одлука, не се јави еден понудувач, Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Валандово ќе ја повтори постапката согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Член 8**

По извршениот избор на најповолен закупувач, Градоначалникот на Општина Валандово ќе склучи договор за закуп со кој ќе бидат утврдени меѓусебните права и обврски за закупот на објектот, кој ќе биде солемнизиран на Нотар.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-62/14 | Совет на Општина Валандово |
| 12.03.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово" што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-361/15 | Градоначалник |
| 17.03.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 62, во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл. Весник на РСМ" 202/24), член 21, став 1, точка 44, член 45 и член 47 став 1 во врска со член 15 став 1 точка 4 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на осма редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година донесе

## О Д Л У К А

**за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средствата за сопствено учество на Општина Валандово во проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“.

**Член 2**

Со обезбедување на средства за сопствено учество за проектот „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“, Југоисточен плански регион ќе аплицира на повикот „Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година“, објавен од страна на Министерство за локална самоуправа.

**Член 3**

Вкупната вредност на проектот „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“ изнесува 4.950.000,00 денари.

Сопственото учество на проектот од член 1 е во висина од 272.500,00 денари. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2026 година.

Останатите средства ќе бидат побарани од Министерството за локална самоуправа.

**Член 4**

Оваа Одлука Влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-62/15 | Совет на Општина Валандово |
| 12.03.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање на НВО Центар во Општина Валандово.**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за формирање на НВО Центар во Општина Валандово,што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-361/16 | Градоначалник |
| 17.03..2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21, 193/25) и член 15 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 11 и точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на осмата редовна седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на НВО Центар во Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира НВО Центар во Општина Валандово, како заеднички простор наменет за користење од страна на здруженија и фондации за спроведување активности од јавен интерес на локално ниво.

**Член 2**

За потребите на НВО Центарот се определува заеднички простор – хол на првиот кат во објектот во Кино салата при Дом на култура „25-ти Мај“ Валандово, ул. „6-ти Ноември“ бр. 41, Валандово.

**Член 3**

Просторот се определува за НВО Центар и може да го користат повеќе здруженија и фондации од општина Валандово врз основа на јавен повик и договор за користење.

**Член 4**

Просторот се дава на користење без надомест исклучиво за активности од јавен интерес и без вршење комерцијална дејност.

**Член 5**

Просторот останува во сопственост и управување на Општина Валандово.

**Член 6**

Постапката по јавниот повик, начинот и условите за користење на просторот, како и меѓусебните права и обврски на корисниците ќе се уредат со правилник и со договор за користење, што ги донесува, односно склучува градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-62/16 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово што Советот на Општина Валандово го донесе на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година.

Бр.09-361/17 Градоначалник
17.03.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и „Сл. весник на РСМ“ 244/2019, 82/2020, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/24 и 37/25), член 6 и 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на осмата редовна седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на Велигденските празници 11 и 12. Април .2026 година, **ГО ПРОДОЛЖУВА** работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-62/17 Совет на Општина Валандово
12.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---